Четворица градоначалници, претставничка на граѓанска иницијатива и раководителка на Центарот за развој на Југоисточен плански регион беа панелистите на Регионалниот форум „Рудници – Да или Не?“ организиран од Цивика мобилитас , што се одржа на 5 декември 2017 година во Струмица, а се однесуваше на **актуелната ситуација со веќе отворените рудници** , како и дадените концесии за отворање нови рудници во Југоисточна Македонија. Салата во Домот на АРМ во Струмица беше преполна со граѓани и активисти.



Дебатата доби на динамика уште на самиот почеток. Сите панелистите јасно дадоа до знаење дека се против рудниците и дека ќе се борат постоечките да се затворат, а нови никогаш да не се отворат.

**Градоначалникот на Валандово, Перо Костадинов**, беше категоричен во одговорот на прашањето на модераторката Лупевска Созен,
**дали ќе поднесе оставка доколку не се реши проблемот со рудниците**
во неговата општина: „Во случај на неуспех во затворањето на рудниците, сите опции се отворени – оставка, граѓанска непослушност, сè што е потребно ќе направиме“. Костадинов, кој претходно беше активист против рудниците, беше категоричен дека и сега, како градоначалник, неговиот став воопшто не е променет. „
**Наша обврска е да се бориме со сите механизми рудниците да престанат со работа**
“, рече
**градоначалникот на Богданци**
. „
**Такви рудници не треба да постојат**
“, продолжи
**градоначалникот на Дојран, Анго Ангов**
, а
**градоначалникот на Гевгелија, Сашо Поцков**
, рече дека
**пораката на референдумот што се одржа во Гевгелија е јасна**
и дека мисли дека веќе во оваа фаза  ќе се реши овој проблемот. Жулиета Ѓуркова, раководителка на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, рече дека овој регион е фабрика од која се храни цела Македонија. Доколку во близина од 50 километри има тешка индустрија, веќе ќе нема органско производство на земјоделски производи. Симона Гетова, од Иницијатива „Југоисток против рудниците“, изјави дека
**повеќе од 40.000 граѓани рекле не на рудниците**
и дека оваа дилема е веќе надмината. „Сега веќе треба се разговара како да се стопираат овие рудници“, рече таа, и додаде: „Ние граѓаните кои се изјаснивме против рудниците ќе направиме сè што е во наша моќ, па и тоа што не е во наша моќ, да нема рудници во Југоисточна Македонија“.


CIVICA
MOBILITAS
Citizens for change!
CIVICA
MOBILITAS
Citizens for change!

[illegible]